tamuВрз основа на член 13 став (7) од Законот за нотаријатот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 55/07, 86/09 и 139/09), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНИОТ ПЕЧАТ, СУВИОТ И ВОДЕНИОТ ЖИГ, ШТЕМБИЛИТЕ И ФИРМАТА НА НОТАРОТ, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот и водениот жиг, штембилите и фирмата на нотарот, како и начинот на нивното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија" бр.55/10) во член 7, во ставот (1) по точката 16 се додаваат четири нови точки 17, 18, 19 и 20 кои гласат:
„17. Штембил за потврда на правосилност на решение (Образец бр.17);
18. Штембил за потврда на делумна правосилност на решение (Образец бр.18)
19. Штембил за потврда на извршност на решение (Образец бр.19);
20. Штембил за потврда на делумна извршност на решение (Образец бр.20)."

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број ____________
____ 2011 година
С к о п ј е

Министер за правда
Михајло Маневски

ПРИЛОГ

Образец бр.17

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ПРАВОСИЛНОСТ НА РЕШЕНИЕ

| |
|---|
| ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА<br><br>Ден ____________ 20 _____ година<br><br>Нотар<br><br>________________________ |

Формат (80 x 40 мм)

Образец бр.18

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ДЕЛУМНА ПРАВОСИЛНОСТ НА РЕШЕНИЕ

| |
|---|
| ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА ВО ДЕЛОТ ________________________________<br>_________________________________________<br><br>Ден ____________ 20 ____ година<br>Нотар<br><br>________________________ |

Формат (80 x 40 мм)

Образец бр.19

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ИЗВРШНОСТ НА РЕШЕНИЕ

| |
|---|
| ОДЛУКАТА Е ИЗВРШНА<br><br>Ден ____________ 20 ____ година<br><br>Нотар<br><br>________________________ |

Формат (80 x 40 мм)

Образец бр.20

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ДЕЛУМНА ИЗВРШНОСТ НА РЕШЕНИЕ

ОДЛУКАТА Е ИЗВРШНА ВО ДЕЛОТ
НА ______________________________________
__________________________________________

Ден _____________ 20 ___ година

Нотар

_________________________

Формат (80 x 40 мм)